# ЗАПИСНИК

Од одржаната 50-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 18.07.2024 г. со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата, од вкупно 9 (девет) советници, беа присутни сите членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Горан Велјановски, Александар Канзуровски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни Анета Киселоска-раководител и Николина Лозановска-советник.

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 49-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на Општина Новаци за 2024 год.;
3. Разгледување и усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 до 30.06.2024 г.;
4. Разгледување и усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.04.2024 до 30.06.2024 год.;
5. Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за работењето на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола за период од 01.04.2024 до 30.06.2024 год.(втор квартал);
6. Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈПКД „Комунална хигена“ Новаци за период од 01.01.2024 до 30.06.2024 год.;
7. Разгледување и донесување на Одлука за формирање на Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата;
8. Разгледување и усвојување на Извештај од Комисијата за финансии, буџет и ЛЕР при Советот на Општина Новаци по објавен Јавен повик за доделување на финансиска помош на здруженија на граѓани, фондации како спортски клубови, месни заедници, црковни одбори, културно-уметнички друштва, верски заедници и слично од Буџетот на Општина Новаци за 2024 година.
9. Советнички прашања.

**Дополнување:** Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош.

1. Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Натали Момоковски од Битола, еднородителско семејство;
2. Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Василка Стојановска од с.Новаци , старо лице без потесно семејство;
3. Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Александра Јовевска од с. Добромири , за нејзината ќерка Теодора, лице со посебни потреби.

Пред да се разгледа Дневниот ред на 50-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката Најдовска Стојковска, предложи Дневниот ред да се измени и дополни со 1 (една) дополнителна точка, која поради својата итност, неодложно треба да се разгледа на оваа седница:

1. Разгледување и донесување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Новаци за 2024 година.

Советниците го разгледаа Дневниот ред, така што со **9 гласа за** го прифатија Дневниот ред на 50-та седница на Советот на Општина Новаци, кој со измената и дополнувањата е составен од 13 (тринесет) точки, со тоа што точката бр. 9 - Советнички прашања, преминува во точка бр. 13.

**1 точка** Разгледување и усвојување на Записникот од 49-та седница на Совет на Општина Новаци;

По разгледувањето, Записникот од 49-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа за**.

**2 точка** Разгледување и донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на Општина Новаци за 2024 год.;

По однос на втората точка, Советот беше информиран дека Програмата е дополнета со УПБХМ за изградба на објекти со намена на Г2 –лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Новаци-вон град, Општина Новаци, за планскиот период од 2021-2026 година.

По дискусијата, Советот на Општина Новаци гласаше, така што со **9 гласа за** донесе Програма за измена и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на Општина Новаци за 2024 год.

**3 точка** Разгледување и усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 до 30.06.2024 год.;

Советот на Општина Новаци го разгледа Кварталниот извештај и по кратката дискусија гласаше, така што со **9 гласа за** донесе Одлука за усвојување на тромесечен извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за периодот од 01.01.2024 до 30.06.2024 година (втор квартал).

**4 точка** Разгледување и усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.04.2024 до 30.06.2024 год.

Советниците го разгледаа Кварталениот извештај за извршување на буџетот на ООУ „Славко Лумбарковски“ и по кратката дискусија, со **9 гласа за** донесоа Одлука за усвојување на Финансиски извештај за извршување на буџетот на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци за извештајниот период (комулативно) за квартал од 01.04.2024 до 30.06.2024 година.

**5 точка** Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за работењето на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола за период од 01.04.2024 до 30.06.2024 год.(втор квартал);

Советниците го разгледаа Финансиски извештај за работењето на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола и по дискусијата, Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ за период од 01.04.2024 до 30.06.2024 година (втор квартал).

**6 точка** Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈПКД „Комунална хигена“ Новаци за период од 01.01.2024 до 30.06.2024 год.

Советот на Општина Новаци го разгледа Квартални извештај и по кратката дискусија гласаше, така што со **9 гласа за** донесе Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци за период од 01.01.2024 до 30.06.2024 год. (втор квартал).

**7 точка** Разгледување и донесување на Одлука за формирање на Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата

Советот на Општина Новаци доби информација дека општината има законска обврска да формира Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, заради развивање и унапредување на сообраќајното образование и воспитување на учесниците во сообраќајот како и заради иницирање и предлагање на потребни мерки за поголема безбедност на сообраќајот на патиштата.

Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за формирање на Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

**8 точка** Разгледување и усвојување на Извештај од Комисијата за финансии, буџет и ЛЕР при Советот на Општина Новаци по објавен Јавен повик за доделување на финансиска помош на здруженија на граѓани, фондации како спортски клубови, месни заедници, црковни одбори, културно-уметнички друштва, верски заедници и слично од Буџетот на Општина Новаци за 2024 година.

Комисијата за финансии, буџет и ЛЕР при Советот на Општина Новаци, ги разгледа сите доставени 36 апликации од Јавниот повик, по што подготви Извештај, кој го достави на разгледување до Советот на Општина Новаци. Советот го разгледа Извештајот и по дискусијата со **9 гласа за** донесе Одлука за усвојување на Извештај од Комисијата за финансии, буџет и ЛЕР при Советот на Општина Новаци по објавен Јавен повик за доделување на финансиска помош на здруженија на граѓани, фондации како спортски клубови, месни заедници, црковни одбори, културно-уметнички друштва, верски заедници и слично од Буџетот на Општина Новаци за 2024 г.

**9 точка** Разгледување и донесување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Новаци за 2024 година.

Советот беше информиран дека е потребна пренамена на средствата од буџетот на Општина Новаци, од ставката изградба и реконструкција на локални патишта во ставката субвенции за јавни комунални претпријатија и тоа во износ од 600.000,00 ден. По разгледувањето и дискусијата Советот на Општина Новаци гласаше така што со **9 гласа за** донесе Одлука за пренамена на средства во Буџетот на Општина Новаци за 2024 година.

По предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош на физички лица Советот ги разгледаа следните точки:

**10 точка** Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Натали Момоковски од Битола, еднородителско семејство;

Советниците го разгледаа Барањето од лицето Натали Момоковски, (сопруга на Ристо Момоковски), која се соочува со финансиски проблеми како самохран родител на три ќерки близначки, така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Натали Момоковски од Битола, во висина од 20.000 ден.

**11 точка** Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Василка Стојановска од с. Новаци , старо лице без потесно семејство;

Советниците го разгледаа Барањето од лицето Василка Стојановска од с.Новаци, старо лице која живее сама, без грижа од страна на потесно семејство, со минимална социјална пензија.

Советниците го разгледаа Барањето и гласаа, така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош Василка Стојановска од с.Новаци,во висина од 20.000.

**12 точка** Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Александра Јовевска од с. Добромири , за нејзината ќерка Теодора, лице со посебни потреби.

Советниците го разгледаа Барањето од лицето Александра Јовевска од с. Добромири, за нејзината ќерка Теодора, ученичка во ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци, кое е лице со посебни потреби.

Советниците го разгледаа Барањето од лицето Александра Јовевска така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Александра Јовевска во висина од 20.000 ден.

**13 точка** Советнички прашања.

Советникот Наумче Смилевски постави прашање до каде е реализацијата на сообраќајниот проект со кој ќе се зголеми безбедноста во сообраќајот на регионалниот пат Битола-РЕК Битола кој минува низ село Новаци?

На ова Претседателката на Советот, Најдовска Стојковска одговори дека реализирањето на овој проект закасни поради негова измена и дополнување со тоа што се предвидува кружен тек во центарот на селото како ново сообраќајно решение, со што се очекува возачите да ја намалат брзината на возење низ населеното место, а со тоа да се зголеми и безбедноста во сообраќајот.

Советот на Општина Новаци, немаше дополнителни советнички прашања со што 50-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска